РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.32.УП.010.01

# УПАТСТВО
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ

Октомври 2020

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа управа („Сл. весник на РМ" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 151/17, 120/18 и 248/18), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ

## I. Општи одредби

1. Со ова упатство се уредуваат обврските и постапките кои ги преземаат царинските службеници при спроведување на увозната постапка со примена на Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (во понатамошниот текст: СОЦДАД). Ова упатство се применува и на следниве постапки: царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинска контрола и привремен увоз, во делот на поднесување, прифаќање, проверка, исправка и поништување, пуштање на стоката, како и пресметување на царинскиот долг, доколку со упатствата со кои се регулирани не е пропишано поинаку.

2. Предмет на уредување на ова упатство е спроведување на увозна постапка во редовна и поедноставени постапки.

3. Електронската декларација за увозна постапка е задолжителна, додека хартиените декларации се применуваат само во случај на примена на резервна постапка.

4. Поднесувањето на увозната декларација и извршувањето на формалностите во увозната постапка, задолжително се врши со употребата на техника за електронска обработка на податоци согласно Прирачник за условите и правилата за пристап на економските оператори во Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи.[1]

## II.Употребени поими

5. Поимите кои се користат во ова упатство го имаат следното значење:

[1]Прирачникот за условите и правилата за пристап на економските оператори во Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи како интерен документ е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа

- СОЦДАД е компјутерски систем составен од повеќе модули, од кои модулот за увоз служи за размена на електронски пораки помеѓу економските оператори и надлежните царински органи, како и помеѓу самите царински органи;
- имател на одобрение за поедноставена постапка за локално царинење при увоз е лице кое има одобрение да става стока во увозна постапка во неговите простории или било кои други определени места, без ставање на стоката на увид во увозната испостава;
- одобрена локација е локацијата на која стоката се става на увид при употреба на поедноставена постапка - локално царинење при увоз, согласно условите утврдени во одобрението издадено од Царинската управа;
- одобрено место е локацијата каде стоката може да се стави на увид на надлежниот царински орган при употреба на редовната увозна постапка, надвор од работните простории и места на кои вообичаено стоката се става на увид на надлежниот царински орган;
- локален референтен број е бројот под кој увозната декларација е поднесена во модулот за увоз во СОЦДАД од страна на декларантот или од страна на неговиот застапник (во понатамошниот текст: ЛРБ);
- референтен број на движење е бројот на увозната декларација доделен од модулот за увоз во СОЦДАД (во понатамошниот текст: РБД);
- Број на барање за лабораториска анализа е број на барањето за лабораториска анализа на земена мостра, доделен од модулот за увоз во СОЦДАД (во понатамошниот текст: РБМ);
- ЦЗ – Царински закон [2];
- УСЦЗ – Уредба за спроведување на царинскиот закон[3];
- ЕДМС - Електронски систем за управување со документи на Царинската управа[4];
- САР – Систем за анализа на ризик;
- ХС – Хармонизиран систем;
- КН – Комбинирана номенклатура;
- ЕЦД – Единствен царински документ;
- ТАРИМ – Интегрирана тарифа;
- EXIM – Едношалтерски систем за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти;

[2] Царински закон со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

[3] Уредба за спроведување на царинскиот закон со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавена во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа

[4] ЕДМС – Електронски систем за управување со документи на Царинската управа

- IMDXX– пораки за електронска размена на податоци.

## III. Дејства пред поднесување на царинска декларација

### III.1 Право на преглед на стока која се наоѓа под царински надзор

6. Лицето кое располага со стоката (декларантот) под царински надзор, може со одобрение од надлежната царинска испостава, да ја прегледа стоката или да земе мостра, за да се определи нејзино распоредување во царинска тарифа, царинска вредност. Пред поднесување на увозната декларација, декларантот или неговиот застапник, може да поднесе соодветно таксирано барање за преглед на стока преку ЕДМС, заради одредување на царински дозволено постапување или употреба на стока. Царинската испостава може да одобри стоката да биде прегледана и да се земат мостри.

7. 01.30.32.УП.010.01-ОБ.01.01 - Барањето за преглед на стока, која се наоѓа под царински надзор ги содржи следните податоци:
   - име или назив на подносителот на барањето;
   - причини поради кои подносителот бара преглед или земање на мостри;
   - место каде се наоѓа стоката;
   - податоци за претходната царинска постапка или податоци за транспортното средство на кое се наоѓа стоката и
   - сите други податоци потребни за идентификација на стоката.

8. Шефот на царинската испостава или вишиот цариник контролор (во понатамошниот текст: контролор) одлучува по поднесеното барање и доколку истото го прифаќа, го одобрува прегледот во вид на забелешка на поднесеното барање, а ако се земаат мостри ја наведува и количината на стоката која треба да се земе. Доколку не се прифати поднесеното барање, се донесува решение за одбивање на барањето на образец Одлуки и решенија согласно Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа [5].

### III.2 Застапување во царинските постапки

9. Царинската декларација ја поднесува декларантот во свое име и за своја сметка. Тогаш тој е одговорен за плаќање на царинскиот долг кој произлегува

[5] Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа со сите обрасци како интерен документ е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа

од царинската декларација. Доколку декларантот има застапник, застапникот може да ја поднесе декларацијата како:
- директен застапник, кога дејствува во име и за сметка на увозникот. Во тој случај одговорноста за плаќање на царинскиот долг е на увозникот, под услов директниот застапник да има веродостојни документи за застапување, односно полномошно евидентирано во СОЦДАД;
- индиректен застапник, кога дејствува во свое име но за сметка на увозникот. Во тој случај увозникот и индиректниот застапник, солидарно одговараат за плаќање на долгот кој произлегува од декларација, под услов индиректниот застапник да има веродостојни документи за застапување, односно полномошно евидентирано во СОЦДАД.

10. Без оглед на начинот на застапувањето, застапникот во постапка на царинење на стока мора да изјави пред царинскиот орган дека презема дејствија за сметка на лицето кое го застапува, за видот на застапувањето и за тоа во СОЦДАД да има евидентирано полномошно со кое се докажува видот на застапувањето, согласно Упатството за начинот на вршење на застапување во царинските постапки[6]. Во декларацијата како застапник може да се јави лице кое ги исполнува условите предвидено со Законот за вршење работи на застапување во царински постапки[7].

## IV. Видови на електронски пораки и статуси на декларација

11. Комуникацијата помеѓу подносителот на декларација и информацискиот систем на Царинска управа, се спроведува со размена на електронски пораки. Електронски пораки кои се разменуваат во увозниот модул се:
- IMD15 - порака за „Податоци за декларација". Ова е основна порака која ја испраќа надворешниот корисник. Ги содржи сите податоци потребни за декларирање на стоката во барана царинска постапка и за пресметка на давачки, потоа ЛРН кој го дефинира самиот подносител од својата евиденција,
- IMD95 - порака за „Известување за ставање стока на увид". Ако во пораката IMD15 е декларирано дека стоката не е ставена на увид (според елементот Тип на декларација), што е услов за увозна царинска постапка, со ова порака

[6] Упатството за начинот на вршење на застапување во царинските постапки, како интерен документ е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа
[7] Законот за вршење работи на застапување во царински постапки со сите измени и дополнувања како екстерни акти, се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

се декларира ставање на стока на увид и со тоа може да започне валидација на пораката IMD15,

- IMD16 - порака за „Отфрлање на декларација" (СОЦДАД автоматски проверува дека декларацијата не е во согласност со формалните барања). Со ова порака се отфрла декалрацијата пред прифаќање и доделување на РБД, заради на пример неправилно пополнета рубрика во декларација,
- IM928 - порака за „Поднесена декларација" (или потврдено). Со ова порака, корисникот се известува дека декларацијата е правилно пополнета и е во согласност со воспоставените правила и услови,
- IMD28 - порака за „Известување за прифаќање". Со ова порака се доделува РБД од страна на системот и се известува декларантот дека декалрацијата е прифатена,
- IMD13 - порака за „Измена на декларација". Ја испраќа декларантот, како барање за измена на податоци на веќе прифатена декларација. Декларација може да се менува само на декларирана испостава на барање на декларантот кој ја пратил пораката IMD15. Системот може да ја прифати или одбие пораката заради неправилности на самата порака. Ова порака ги содржи сите податоци од декларацијата, вклучително и измените. Царинскиот орган одлучува за измената со прифаќање или одбивање на барањето,
- IMD04 - порака за „Прифаќање на измена на декларација" е позитивен одговор на пораката IMD13 која се испраќа на декларантот и со која се известува дека барањето му е прифатено и измената е извршена,
- IMD05 - порака за „Отфрлање на измена на декларација". Со ова порака царинскиот орган го известува декларантот дека барањето за измена на декалрацијата му е одбиено. Ова порака се испраќа како негативен одговор на пораката IMD13 и се испраќа кога измените се неправилни или не се дозволени,
- IMD60 - порака за „Известување за одлука за контрола". Со ова порака се известува декларантот за намера за вршење контрола, односно преглед на стока,
- IMD29 - порака за „Пуштање на стока". Со оваа порака декларантот се известува дека се исполнети сите услови за пуштање на стока и дека истата се пушта. Податоците за пуштање на стока ги содржат сите податоци од декларацијата, а кои биле пратени со пораката IMD15, вклучително и сите измени на податоци во декларација кои се одобрени пред пуштање на стоката, податоци за царински долг и пресметка на давачки,
- IMD14 - порака за „Барање за поништување на декларација". Декларантот може да поднесе барање за поништување на декларација која е прифатена и

има РБД. Барање за поништување на декларација може да се поднесе пред пуштање на стока. После пуштање на стоката не може да се поднесе електронско барање за поништување на декларација, туку само на хартија. Во ова порака се наведува причината за барањето за поништување на декларација. Барањето може да биде одобрено или одобиено, за што декларантот се известува со пораката IMD09,

- IMD09 - порака за „Одлука за поништување". Со оваа порака се известува декларантот за одлуката по барањето за поништување на декларација, која може да биде позитивна или негативна. Ова порака ја содржи причината за прифаќање односно за одбивање на барањето за поништување. Доколку декларацијата се поништува по службена должност исто така се испраќа ова порака,
- IMD51 - порака „Недозволен увоз". Со ова порака декларантот се известува дека стоката не може да се пушти, односно дека декларацијата не може да се заврши, за што се наведува причина во пораката,
- IMD65 – известување за пресметани давачки,
- IMD80 – известување за статус,
- IMD54 – барање за пуштање на стока,
- IMD62 – одбивање на барање за пуштање на стока,
- IMD55 – невалидна гаранција,
- IMD98 – статус (pre-accepted),
- COM04 – барање за анализа на ризик,
- COM05 – одговор од анализа на ризик,
- GM203 – употреба на гаранција,
- GM204- раздолжување на гаранција,
- GM205 – резултат од употреба на гаранција,
- AR095 – известување за платен царински долг,
- SLAR15 – регистрирање на земена мостра.

12. Основните статуси на царинската декларација во постапка на увозно царинење се:
   - поднесена,
   - одбиена,
   - прифатена,
   - пред-прифатена,
   - постапка за измена,
   - чека одлука за контрола,
   - постапка за контрола,
   - чека одговор за квота,

- чека измена (делумна распределба на квота),
- не е пуштена за увоз,
- во поништување,
- поништена,
- неактивна,
- барање за пуштање,
- регистрирање на износ на гаранција,
- гаранција во регистрација,
- во плаќање,
- увезена,
- завршена.

## V. Пополнување и поднесување на увозна царинска декларација

13. Увозна царинска декларација се пополнува согласно Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација (во понатамошниот текст Правилник за ЕЦД)[8]. Царинската декларација се поднесува од декларантот или неговиот застапник со електронска порака (IMD15). Тој е одговорен за точноста на податоците, веродостојноста на приложените документи и почитувањето на прописите кои се однесуваат за ставање на стоката во увозна постапка. Декларантот мора да поднесе електронска декларација за секоја увозна царинска постапка (пуштање во слободен промет, царинско складирање, привремен увоз, итн) со испраќање на податоци во системот СОЦДАД.

14. Приложените документи кои се потребни за примена на одредби кои ја регулираат постапката во која стоката се става, мора да бидат наведени во рубрика 44 од увозната царинска декларација и мора да бидат во поседување на декларантот и на располагање на царинскиот орган во време кога се поднесува царинската декларација. Истите може да бидат прикачувани како прилози по поднесување на царинската декларација.

15. Со користење на техника за автоматска обработка на податоци, СОЦДАД ги проверува податоците од декларацијата и утврдува дали истите се во согласност со дефинираните барања и услови. Ако декларацијата е

---

[8] Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација со сите измени и дополнувања како екстерни акти, се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

неисправна или непотполна, СОЦДАД автоматски ја одбива и го известува декларантот за причините за одбивање на истата (IMD16).

16. Доколку декларацијата е во согласност со дефинираните правила и услови истата во СОЦДАД го добива статусот „Поднесена“. Декларантот се известува дека декларацијата е формално исправна (IM928). Во случај кога е поднесена декларација пред ставање на стоката на увид, статусот на декларација е „Пред прифатена“ (IMD98).

17. Увозната декларација, во форма на електронска порака, се поднесува во царинската испостава каде ќе се спроведува увозното царинење на стоката.

18. Пораката IMD15 која ја поднесува декларантот, односно застапникот, мора да ги содржи податоците кои се пропишани во Правилникот за ЕЦД.

19. Доколку е поднесена декларација за поедноставена постапка (запис во евиденција), тогаш задолжително е означен индикаторот за поедноставена постапка (резултат од контрола А3).

## VI. Прифаќање на царинската декларација

20. По ставањето на стоката на увид во царинската испостава за увоз, декларантот, до контролорот во испоставата ги доставува документите наведени во рубрика 44, доколку истите не се прикачени кон декларацијата во СОЦДАД. Доколку се поденесува декларација пред ставање на стоката на увид, се поднесува цариска декларација од тип D, E или F. Се доставува 01.30.32.УП.010.01-ОБ.02.01 Известување за поднесена увозна декларација во СОЦДАД - Редовна постапка, заедно со сите придружни документи наведени во рубрика 44 од декларацијата, освен одобренија кои се наоѓаат во евиденција на царинскиот орган, како и дозволи или лиценци доколку се потребни за предметната стока или се известува контролорот за ЛРБ на поднесената декларација на друг соодветен начин (на пример, достава на ЛРБ испишан на хартија).

21. Контролорот ја наоѓа поднесената декларација по нејзиниот ЛРБ помеѓу другите декларации со статус „Поднесени“ и ако сите придружни документи наведени во рубриката 44 од декларацијата се ставени на увид заедно со стоката или се прикачени во СОЦДАД и доколку се исполнети условите, ја

прифаќа декларацијата, по што системот ѝ доделува РБД и испраќа известување до декларантот за доделениот РБД (IMD28).

22. Во случај кога е поднесена декларација пред ставање на стоката на увид, истата добива РБД откако декларантот ќе испрати порака „Известување за пристигнување" (IMD95) или пристигнувањето се евидентира рачно од страна на царинскиот службеник, по што статусот на декларацијата се менува во „Прифатена".

23. Доделениот РБД број е во форма на 18 карактери составен од цифри и букви, на следниот начин:

| Поле | Содржина | Тип на поле | Пример |
|---|---|---|---|
| 1 | Година на прифаќање на ЕЦД (ГГ) | 2 цифри | 20 |
| 2 | Шифра на земја на прифаќање на ЕЦД | 2 букви | МК |
| 3 | Шифра за вид на постапка | 2 букви | IM |
| 4 | Шифра на испостава | 4 цифри | 5010 |
| 5 | Реден број | 7 цифри и букви | 00005C1 |
| 6 | Контролен карактер | 1 цифра или буква | 0 |

24. Доколку царинскиот службеник не ја прифаќа поднесената декларација, задолжително ги наведува причините за тоа и го известува декларантот (IMD16). Статусот на декларацијата е „Одбиена".

25. По прифаќање на декларацијата, истата е во статус „Прифатена" и се чека одговор од САР.

26. По добивање на резултатите од САР, контролорот носи одлука дали ќе се врши проверка на декларацијата. Врз основа на резултатите од САР и другите податоци кои се на располагање, контролорот може да донесе одлука да се врши проверка или пак стоката да ја ослободи без проверка на стоката и/или документите. Доколку Системот за анализа на ризик не е достапен (пораката COM05 не е доставена во предвидениот рок), контролорот врши локална проценка на ризик и одлучува дали пратката ќе подлежи на контрола или не.

### VI.1 Определување на степен на на проверка на царинска декларација

27. Заради проверка на царинската декларација, царинскиот орган може да ги прегледа придружните документи, да ја прегледа стоката и да земе мостри.

28. Врз основа на резултатите од САР, како и од специфичноста на случајот и одредени сознанија, или по претходно добиени насоки контролорот може да донесе одлука за контрола на стоката и/или документите. Степенот на контрола добиен од САР не смее да се намали. Одлуката за контрола се евидентира во системот за што се известува декларантот (IMD60). По донесување на одлука за контрола, декларацијата во СОЦДАД автоматски преминува во статус „Постапка за контрола".

29. САР го одредува степнот на контрола на конкретната декларација. Степенот добиен од САР може да биде:
- Зелен – нема доделен ризик,
- Жолт – проверка на документи или
- Црвен – проверка на на документи и стока,а по потеба и превозно средство.

30. САР ја одредува контролата со опис на дејствија кои треба да бидат преземени при контролата.

31. Контролорот, покрај автоматската распределба на декларации, може да определи царински службеник кој ќе ја врши контролата. Исто така, контролорот може да определи контрола и на декларација на која САР и доделил зелен степен на ризик и да додели дополнителни проверки врз основ на локална, односно сопствена процена на ризик и одредени сознанија.

32. Проверката која ја определува контролорот на основа на резултатот од САР или локална процена на ризик се внесува во соодветно поле од царинска декларација во СОЦДАД, со избирање на вид на контрола, документарна или физички преглед на стока, при што се наведува дали прегледот се однесува на целата пратка и дава насоки за контролата која треба да се изврши. Во случај кога кон декларацијата не е поднесен доказ за потекло (во оригинал или во копија), а застапникот/увозникот има информации дека дополнително ќе биде доставен доказ за преференцијално потекло на основа на што по пуштањето на стоката ќе поднесе барање за враќање или простување на увозни давачки, може да достави соодветно таксирано 01.30.32.УП.010.01-ОБ.03.01 Барање за преглед на стока заради утврдување на преференцијално потекло. Контролорот определува царински службеник кој ќе врши контрола. Царинскиот службеник кој го врши прегледот, ја прегледува стоката како да

поседува доказ за потекло и истото го забележува на самото барање. Увозната царинска декларација се прифаќа без примена на преференцијален третман при увоз на предметната стока. Ако претходно не е определена контрола од страна на САР (зелен канал), контролорот може да определи контрола на декларацијата, со одбирање на дејствие „одлука за контрола" и давање на налог за контрола. Во овој случај може да го избере видот на контрола, времето на контрола, доколку смета дека треба да се определи.

Системот врши автоматско доделување на декларациите до царинските службеници кои ќе ја вршат контролата. И покрај автоматското доделување на декларациите на царинските службеници, контролорот може да определи кој царински службеник ќе ја врши контролата, преку избирање на соодветна акција во модулот Контролна табла.

## VI.2 Постапување кога е добиен одговор од САР по истек на поставениот рок

33. Доколку декларацијата е во статус „Прифатена", а од историја на декларацијата се утврди дека истекол рокот за одговор од САР (пораката COM05 не е доставена во предвидениот рок), истата автоматски се поставува на жолт или црвен канал по случаен избор.

34. Со користење на функционалноста „Приказ на ризик" царинскиот службеник има можност да провери дали декларацијата е поставена на канал врз основ на одреден профил или е по случаен избор. Во овој случај, контролорот е должен на основ на локална проценка на ризик да определи степен и вид на контрола. При тоа доколку се воочи дека ова е случај со сите царински декларации, царинската испостава од servicedesk бара информација за очекувано разрешување на настанатиот проблем.

## VI.2 Пуштање на стока без проверка на декларација

35. Кога САР ја распределил декларацијата на зелен канал, контролорот може да донесе одлука да не се изврши царинска контрола и стоката веднаш се пушта во бараната постапка. Порака за пуштање на стоката (IMD29) – „Пуштање на стока" се испраќа до декларантот.

36. Царинската испостава мора постојано да ги следи поднесените и изменетите царински декларации. За таа цел, во царинските испостави се определуваат царински службеници – контролори кои врз основа на анализа на ризик

селектираат кои наименувања од царинската декларација ќе бидат предмет на контрола и ја дефинираат целта и видот на царинска контрола. Контролорот ги внесува податоците во системот.

37. Работниот план на царинската испостава или анализата на ризик, согласно Упатството за селективни контроли во царинското работење[9] спроведена на локално ниво не смее да биде причина за непотребно одолговлекување на царинењето на стока. Согласно на тоа, ако проверката не се бара од системот, непоходно е да се земе предвид процентот на проверки кои сè уште се ефективни и се дозволени во однос на избраната царинска постапка.

## VII. Проверка на царинската декларација и придружните документи

38. Ако е потребна проверка на документите, системот испраќа на декларантот порака за проверка (IMD60 -„Известување за одлука за контрола").

39. Кога контролорот се одлучи за царинска контрола, тој креира насоки за контролата. Декларациите кои се предмет на контрола врз основа на САР или одлука донесена од страна на надлежниот царински службеник - контролор се прегледуваат хронолошки, по редослед по кој биле прифатени, односно во зависност од видот на стоката и видот на постапката. Насоките за контрола се достапни во СОЦДАД и може да се користат како алатка за вршење на дополнителни контроли во постапките и како водич за планирање на контроли во наредниот период.

40. Без оглед на одредбите за преглед на стока, мора да се провери следното:
- сите царински декларации каде САР дал резултат за висок ризик;
- сите царински декларации каде САР дал резултат за среден ризик доколку како резултат на дополнителни проверки од царинскиот службеник се утврди дека советот за контрола од системот се однесува на висок ризик или на некоја приоритетна област;
- сите царински декларации што содржат информации за ризик во зависност од приоритетната област за контрола на локално или национално ниво.

[9] Упатството за селективни контроли во царинското работење е објавено во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

41. Кога се одлучува дали царинска декларација ќе биде предмет на контрола се постапува согласно Упатството за селективни контроли во царинското работење.

42. Во однос на информациите од САР, СОЦДАД содржи информации за наименуванијата кои се предмет на царински контроли, причините и упатства за вршење на контролите. Кога царинскиот службеник одлучи да врши царинска контрола, тој мора рачно да креира одлука за контрола (IMD60) – „Известување за одлука за контрола" пред вршење на контролата со внесување на податоци во СОЦДАД („налог за контрола"). Покрај тоа, тој ги наведува причините за контрола со внесување на соодветни шифри предвидени со Упатството за селективни контроли во царинското работење.

43. Кога се проверува дали податоците од декларацијата се во согласност со податоците во приложените документи, царинскиот службеник мора да провери дали описот на стоката во царинската декларација одговара на онаа во комерцијалните документи. Притоа мора да провери дали:
- описот на стоката одговара на фактичката состојба на стоката;
- количината на стоката одговара на количината наведена во придружните документи;
- декларираната земја на потекло е иста како онаа во придружните документи;
- декларираната вредност и валута се исти како и во придружните документи;
- сите документи наведени во рубрика 44 на царинската декларација се приложени кон царинската декларација;
- описот на стоката во рубрика 31 на царинската декларација одговара на тарифната ознака во рубрика 33 од царинската декларација - да се провери во Номенклатурата на царинска тарифа и ТАРИМ апликацијата;
- соодветните дополнителни ТАРИМ ознаки се внесени во царинската декларација;
- соодветни ознаки се внесени таму каде што е потребно итн.

44. Царинскиот службеник ги проверува придружните документи, релевантноста на нивната содржина и нејзината усогласеност со податоците во декларацијата. Исто така, тој проверува дали се исполнети сите услови за бараната царинска постапка. За време на проверката на царинската декларација и придружните документи, царинскиот службеник, исто така, проверува дали се исполнети сите барања за соодветната постапка (на пример, ослободување од царински давачки) и од примената на мерките на трговска политика. Царинскиот службеник може да бара декларантот да

поднесе и други документи за проверка на точноста на податоците содржани во декларацијата, согласно член 78 (а) од ЦЗ.

45. Царинскиот службеник по проверка на царинската декларација и придружните документи ја пушта стоката во избраната царинска постапка, а царинската декларација може да се печати од царинскиот систем (СОЦДАД), на барање на декларантот или за употреба на други јавни органи.

## VIII. Преглед на стока

46. Стоката се прегледува на местата што се определени и за време на часовите определени за таа цел од страна на царинските органи. Меѓутоа, царинските органи можат да одобрат преглед на стока и на други места, освен оние кои се определени за таа цел.

47. Прегледот на стоката се состои од најмалку една од следните постапки:
- визуелен преглед на ознаки на пакувања со цел да се провери видот и/или потеклото на стоката;
- контрола на видот, карактеристиките и/или потеклото на стоката се врши, каде што е соодветно, со отворање и проверка на поединечни пакувања;
- мерење на тежината на целата пратка или броење и мерење на поединечни делови на пратката кои се избрани, по случаен избор, за контрола на количината;
- земање мостри;
- проверка дали стоката е во согласност со податоците содржани во царинската декларација - идентификување на карактеристиките на стоката;
- визуелен преглед на стоката кога таа се увезува или повторно извезува во царинска постапка со економски ефект.

48. Царинскиот службеник може да бара декларантот или неговиот застапник да биде присутен при прегледот на стоката, со цел олеснување на прегледот или земање на мостри (член 78 (б) од ЦЗ). Декларантот или лицето определено од него кое е присутно при прегледот на стоката му ја обезбедува на царинскиот службеник сета потребна помош за олеснување на прегледот на стоката.

49. Доколку декларантот или лицето определено од него не ја обезбеди потребната помош, царинскиот службеник бара од декларантот, да назначи друго лице кое може да ја даде потребната помош (Член 149 став (1) и (2) од УСЦЗ). Кога декларантот одбива да присуствува на прегледот на стоката или

да одреди друго лице кое е во состојба да ја даде потребната помош, царинскиот службеник усно го известува декларантот и го утврдува рокот за исполнување на барањето.

50. Ако декларантот не постапи по барањето на царинскиот орган во пропишаниот рок со оглед на околностите, царинскиот службеник може да одлучи:
- да прекине со прегледот на стоката и да ја заврши постапката без преглед;
- да продолжи со започнатиот преглед на ризик и трошок на декларантот, барајќи помош од стручно лице или друго лице во согласност со важечките прописи (член 149 од УСЦЗ), ако е потребно. Ако постапката не може да биде завршена, стоката може да биде одземена согласно со член 85 од ЦЗ со почитување на роковите утврдени во член 59 од ЦЗ и на видот на стоката;
- да ја смета декларацијата за неважечка според член 164 од УСЦЗ, во кој случај декларацијата се поништува во СОЦДАД и се стекнува со статус „не е пуштена за увоз" (IMD51). Покрај тоа, се испраќа порака до декларантот да го информира за резултатите од контрола (B1).

За постапување со стоката се применуваат одредбите од членовите 85-87 од ЦЗ.

51. Ако стоката не се наоѓа на местото каде што треба да биде за целите на спроведување на постапката и кога ќе се утврди дека со неа неовластено било постапувано или се употребувала, мора да се утврдат одредбите од ЦЗ според кои настанал царински долг. Ако се утврди дека стоката која подлежи на увозни давачки била незаконски отстранета од царински надзор како што е утврдено во член 218 од ЦЗ, се составува во писмена форма на образец 01.30.32.УП.010.01-ОБ.04.01 - Записник за наод од извршена контрола, а царинскиот долг се пресметува со одлука донесена во управна постапка. Таквата стока се смета дека е пуштена во слободен промет и не е потребна царинска декларација. Ако царинската декларација е поднесена и прифатена, истата се поништува врз основа на одлуката донесена од царинскиот службеник во царинската испостава, на основа на Записник од извршена контрола од страна на Сектор за контрола и истраги. Декларацијата во системот има статус „не е пуштена за увоз" (IMD51). Причината за негативниот резултат од контрола на царинската декларација се наведува во заблешка, заедно со бројот на одлуката во врска со резултатите од контролата.

## IX. Утврдување на количината и карактеристиките на стоката

52. Стоката се прегледува со цел да се споредат декларираните податоци со фактичката состојба на стоката во однос на:
- количината на стоката (која претставува основа за пресметка на царински давачки по единица мерка и примена на количински ограничувања);
- карактеристиките и составот на стоката (кои претставуваат основа за распоредување на стоката по царинска тарифа и за пресметка на давачки во врска со распоредувањето на стоката и нејзината „ad valorem" вредност, примена на вредносни ограничувања и прописите за забрани и ограничувања).

53. При утврдувањето на количината на стоката, царинскиот службеник мора да ја утврди во единица мерка која се користи како основа за утврдување на давачки и/или примена на квантитативни ограничувања. На пример, ако е пропишана посебна давачка за литар, количината на стоката мора да се одреди во оваа единица мерка. Исто така, ако таква обврска е пропишана за литар, количината на стоката мора да се утврди во литри.

54. Царинскиот службеник ги утврдува карактеристиките на стоката со вршење на визуелен преглед на стоката земајќи ги предвид карактеристиките типични за определен вид стока, а особено внимание посветува на карактеристиките кои се битни за распоредување на стоката по царинска тарифа и утврдување на царинската вредност на стоката. Во случај на одредена стока каде декларираниот состав или технолошкиот степен на обработка влијаат на тарифното распоредување, царинскиот службеник, мора да го провери дали тарифното распоредување со декларираните карактеристики дадени во соодветниот документ кој ја следи стоката (анализен сертификат, производна спецификација или друг документ кој ги докажува карактеристиките на стоката или технолошкиот степен на обработка), соодветствува со барањата наведени во царинската тарифа. Во спротивно царинската декларација не може да се заврши и не може да се пресметаат давачките. Доколку царинскиот службеник после ваквата проверка сепак се сомнева во точноста на составот на производот или другите податоци за производот, тој зема мостра за анализа, по претходна консултација преку електронска пошта со Одделението за царинска лабораторија за можноста за извршување на бараните анализи.

55. Царинскиот службеник не зема мостри за анализа во случај кога истиот се сомнева во декларираната тарифна ознака на стоки (на пример, лекови, додатоци во исхрана, или други производи со деклариран состав), а за чие тарифно распоредување не е неопходна проверка на одредени параметри со лабораториско испитување.

56. Царинскиот службеник до Одделение за царинска лабораторија не смее да доставува техничка документација наместо мостра заради тарифно распоредување на предметната стока.

57. Во случај на непостапување по точките 55 и 56 од страна на царинскиот службеник, Одделението за царинска лабораторија ја враќа предметната мостра на соодветната организациона единица.

58. Ако карактеристиките на стоката не може да се утврдат со визуелен преглед и не може да се земе мостра, бидејќи предметната стока се машини, апарати, уреди и сл., царинскиот орган бара технички објаснувања, скици, брошури и др. и постапува на следниот начин:
- ја проверува машината и ги споредува податоците за идентификација на фактурата со податоците од другите документи;
- ги проверува брошурите и плановите кои содржат информации важни за утврдување на природата на стоката:
  - проверува дали документите се однесуваат на стоката опфатена со фактурата и со прегледаната стока (споредувајќи ги ознаките за идентификација, броевите и др.) и ги забележува деловите од документите кои се однесуваат на предметната стока;
  - ги проверува брошурите и каталозите за да најде потребни информации врз основа на кои може да провери дали предметната стока правилно е распоредена во царинската тарифа, според декларираниот опис.

59. Резултатите од контрола и информациите во врска со дополнително потребните документи (кои не се внесени во рубриката 44 на декларацијата), брошури, каталози и технички податоци се внесуваат во рубриката „Резултати од контрола" во СОЦДАД.

60. Евиденцијата во врска со приемот на документите потребни за одредување на карактеристиките на машината или уредот и мислењето за распоредување подготвени од страна на царинскиот службеник одговорен за проверка се во прилог на записникот за контрола со заклучоци.

61. Видот на стоката се утврдува врз основа на визуелно утврдени карактеристики на стоката. Распоредување на стоката во царинска тарифа се определува со општите правила за примена на комбинираната номенклатура и коментарските забелешки на хармонизираниот систем и комбинираната номенклатура. Карактеристиките на стоката мора да бидат јасно дефинирани според нејзината состојба во времето и местото на контрола од царинскиот орган, а не според нејзината идна намена. Субјективно (лично) толкување на целта на користење на стоката не е дозволено.

## X. Земање на мостри

62. Ако карактеристиките на стоката или нејзиниот состав не може да се утврдат со физички преглед на истата, се земаат мостри во согласност со членовите 150 до 159 од УСЦЗ. Мострите се земаат со целосно почитување на економичноста на постапката и затоа не се земаат мостри во случај на пратки со незначителна вредност. За овие пратки во случај кога се сомнева дека стоката содржи или припаѓа на категорија на опасни и штетни материи, надлежниот царински службеник зема мостра без оглед на износот на можниот царински долг.

63. Од моментот кога стоката ќе биде ставена на увид, царинскиот службеник може да земе мостра за анализа и врз основа на писмено барање на декларантот со цел одредување на царински дозволено постапување или употреба на стоката.

64. Доколку царинскиот службеник одлучи да земе мостра, одлуката за земање ја евидентира во СОЦДАД во конкретната декларација со избирање на дејствие „Регистрирање на мостра за лабораториска анализа“ (SLR15) при што истата добива РБМ број.

65. Во барањето за лабораториска анализа, задолжително мора да бидат пополнети следните рубрики:
- рубрика „Барател на анализа“ во која се наведува дали мострите се земени на барање на царинскиот декларант или на надлежниот царински службеник;
- рубрика „Враќање на мостри“ во која се наведува дали мострите по извршената анализа (доколку при анализа истата не е уништена) треба да се вратат на царинскиот декларант по негово барање;

- рубрика „Причина за земање на мостри" во која се наведува причината поради која се зема мостра (пример: се дава краток опис зошто не било можно да се изврши тарифно распоредување на стоките според Царинската тарифа врз основа на визуелен преглед на стоката и документите кои ја пратат истата).

66. По креираното „Барање за лабораториска анализа", во модулот за царинска лабораторија (CLIS), царинскиот службеник пристапува кон креирање на Записник за земање мостри (МТК15А), на прилог 25 од УСЦЗ.

67. Записникот за земање мостри се составува само за еден вид на стока од фактура. Ако со фактурата се опфатени неколку видови на стока кои се распоредени и декларирани во едно тарифно наименување во царинската декларација, трговското име на видот на стоката од која се земени мострите, задолжително мора да се наведе во рубрика „Трговско име на мостра од фактура". Доколку се земени повеќе мостри, Записник за земање мостри се креира за секоја мостра поединечно.

68. Кон записникот за земање мостри, во СОЦДАД се приложуваат сите дополнителни документи кои се поврзани и го појаснуваат видот, природата, количината и технички карактеристики на стоката.

69. Доколку се земаат мостри од опасни и штетни материи, во рубриката „Тип на ризик" во Записникот за земање мостри се внесува типот на ризикот и во прилог на записникот се доставува копија од упатството издадено од производителот на предметната стока или друг соодветен документ за безбедно ракување со стоките (safety data sheet - SDS).

## X.1 Количина на мостри кои треба да се земат

70. Царинскиот службеник вообичаено зема најмалку два репрезентативни примерока. Сепак, на барање на декларантот, тој може да земе и трет примерок и истото да го евидентира во СОЦДАД во полето „забелешка". Видови и минималните количини на мостри кои треба да се земат се дадени во Прилог 1 на ова Упатство - Список на минимални количини на мостри од стока.

71. Во случај кога стоката е спакувана во пакувања за малопродажба, се зема толкава количина од пакувањата за да се достигне пропишаната количина за земање мостри, наведена во Списокот од точка 69 на ова Упатство. Во

зависност од околностите, мостри може да се земат во помали или поголеми количини од оние утврдени во Списокот, со претходна консултација со Одделението за царинска лабораторија. Доколку се земаат мостри од стока која е во ролни, листови, плочи и сл., во Записникот за земање мостри се наведуваат оригиналните димензии на стоката од која е земена соодветната мостра.

72. Царинскиот орган не зема мостри од прехранбени производи во рефус или во големи рефус пратки (на пример млеко во цистерни, путер блокови со маса што надминува 1 kg, брашно, гриз и пченица во резервоари и сл.) Наместо тоа, квалификуван претставник на увозникот зема мостри под директен надзор на царинскиот службеник.

73. Истата постапка се применува и кога не се зема мостра при прегледот, со оглед на природата на стоката (опасна супстанција, асептички пакувана стока и сл.), туку истата се зема при дополнителна контрола во трговското друштво. Во такви случаи, мострите се земаат под надзор на царински службеник од царинската испостава каде е прифатена декларацијата.

### X.2 Постапување со мостри

74. Царинските органи кои земаат мостри за анализа ја гарантираат нивната следливост. Секој примерок од земената мостра, се обезбедува со ставање на царински пломби или царински печат или со пакување во специјални сигурносни кеси. Спакуваната мостра се обележува со испечатена соодветна „Налепница за земена мостра" од СОЦДАД.

75. Еден примерок од Записникот за земање на мостри испечатен од СОЦДАД и потпишан од страна на царинскиот службеник и декларантот, царинскиот службеник доставува до декларантот, а вториот примерок го задржува за потреби на евиденцијата на надлежната ипостава.

76. Два примероци од земените мостри соодветно обележани согласно точка 74 од ова Упатство и еден примерок од Записникот за земање на мостри испечатен од СОЦДАД и потпишан од страна на царинскиот службеник и декларантот, царинскиот службеник доставува до Царинската лабораторија.

77. Транспортот на мостри на стока кои брзо се расипуваат се врши во посебни торби за ладење (т.н „студен синџир") со цел примерокот кој е оладен или замрзнат да остане во таква состојба до почетокот на анализата.

78. Транспортот на мостри од нафта, нафтени деривати и други опасни хемиски производи се врши во пластични дистрибутивни кутии.

79. Приемот на мостри во Одделението за Царинска лабораторија се потврдува електронски во СОЦДАД модулот за царинска лабораторија (CLIS) со избирање на дејствие „Мострите се примени во лабораторија" или со потпишување на испечатен примерок „Спецификација за примопредавање на мостри" од СОЦДАД, од страна на царинскиот службеник во Одделението за Царинска лабораторија кој ги прима мострите.

80. По прием на мострата, Царинската лабораторија пристапува кон извршување на лабораториска анализа со примена на соодветните методи за анализа.

81. По извршеното испитување на мострите, царинскиот службеник од Одделение за царинска лабораторија пристапува кон креирање на „Записник за резултати од анализа или проверка" (RER15A) во СОЦДАД модулот за царинска лабораторија (CLIS), истиот го печати од СОЦДАД и потпишан, го доставува до царинскиот службеник во организационата единица од која е испратена мострата за испитување, за понатамошно постапување по истиот.

### X.3 Ракување со мостри по анализа

82. Мострите за кои е издаден Записник за резултатите од анализа или проверка, Царинската лабораторија, по правило, ги чува најмногу 30 дена од издавање на истиот по што се пристапува кон отстранување на мострите кои може да се уништат како комунален отпад.

83. Во случај кога се работи за мостри кои по природа бараат посебни услови за уништување (запаливи, испарливи, токсични и др.), истите се отстрануваат од страна на декларантот согласно член 158, точка (2) од УСЦЗ.

84. За мострите за кои е издаден Записник за резултатите од анализа или проверка е утврдено дека предметната стока не се распоредува во тарифната ознака наведена во царинската декларација, Одделението за царинска лабораторија е должно да ја чува мострата за суперанализа до добивање на

пораката „Одобрено уништување на земена мостра" во CLIS модулот на СОЦДАД од страна на организациона единица која ја доставила мострата за анализа, а со што се потврдува дека правната постапка правосилно е завршена.

85. Одделението за царинска лабораторија може да спроведе постапка на уништување на мострите и пред правосилно завршување на постапката во случај кога:
- Изминал рокот на употреба утврден од страна на производителот;
- Претстои нивно расипување со ризик за загрозување на здравјето и животна средина;
- Настанала визуелна промена (испарување, промена на бојата, густината итн.).

86. Освен ако мострите не се уништени за време на испитување или детален преглед или ако се работи за мостри со одредени ризици, истите се враќаат на декларантот по негово барање и на негов трошок, кога сите правни лекови против решението донесено од страна на царинскиот орган се исцрпени. Мострите се враќаат на декларантот од страна на царинскиот орган одговорен за постапката.

## XI. Утврдување на царинска вредност

87. Карактеристиките на стоката во однос на нејзината царинска вредност се утврдуваат првенствено со споредување на квалитетот и количината на стоката искажани во цената на стоките со декларираната царинска вредност. Мора да бидат утврдени оние карактеристики кои ја определуваат царинската вредност, особено оние кои покажуваат очигледно отстапување од вредноста на вообичаените фактура или пазарната вредност, а произлегуваат од:
- вид на трансакција во зависност од видот на стоки (берзански производи, зеленчук, отпад);
- декларирање за повластен тарифен третман на стока заради неисправности (вклучувајќи ги штетите предизвикани за време на царински надзор на стока);
- вредноста на стоката во зависност од царинската постапка (пуштање во слободен промет, извоз за облагородување, увоз за облагородување).

88. По утврдување на количината, тарифната ознака и царинската вредност на стоката, се спроведуваат дополнителни проверки во зависност од видот на контрола или ако околностите тоа го бараат:
- на потеклото на стоката (контроли се вршат во однос на правилата за потекло);
- тарифни и нетарифни мерки (во однос на количина и вредност);
- други царински повластици и олеснувања во однос на стоката;
- забрани и ограничувања во однос на стоката;
- други мерки на надворешно-трговската политика.

## XII. Резултати од контрола

89. Царинскиот службеник, заради спроведување на контролата, од СОЦДАД печати примерок од Увозен контролен протокол.

90. По завршувањето на контролата на стоката и/или документите, царинскиот службеник, без одлагање, резултатите од извршената контрола ги евидентира во СОЦДАД.

91. Резултати од проверката на царинската декларација и прегледот на стоката се внесуваат со избирање на дејствие „Резултати од контрола" во предметната декларација. Ако истиот налог за контрола се појавува во однос на различни наименувања од иста декларација, резултатите од контролата мора да се внесат за секое наименување посебно или за сите наименувања доколку резултатот од контрола за сите наименувања е ист.

Следните податоци се внесуваат во рубриката „Резултати од контрола":
- Резултати од контрола: со избор на еден од кодовите од паѓачката листа (А1, А4, Б1);
- Забелешки: во случај несовпаѓање или неправилност се користат кодови од прилог 2 од Упатство за селективни контроли во царинското работење. Царинскиот службеник мора да внесе заклучоци за царинската контрола;
- Произнесување на декларантот (без забелешки, без одговор, приговор);
- Потреба за измена на декларацијата.

92. Царинскиот службеник, исто така, наведува дека декларантот или неговиот застапник не бил присутен при прегледот на стока. Во Контролниот протокол се внесува забелешка „усогласено". Мора да се внесе забелешката „Усогласено" во рубриката „Забелешка" ако при прегледот се утврди дека

податоците од декларацијата се во согласност со фактичката состојба на стоката. Во овој случај се внесува шифра А1 без неправилности по извршена контрола.

93. Доколку царинскиот орган утврди неправилности при проверката на царинската декларација или при прегледот на стока, декларантот се известува со Контролниот протокол за контрола во хартиена форма кој се печати од СОЦДАД.

94. Доколку при контролата, се откриени помали неправилности (А4) (оние кои не влијаат на пуштањето на стоката во увозна постапка), царинскиот службеник ги евидентира наодите во Контролниот протокол од точка 93 на ова Упатство, во присуство на декларантот.

95. Доколку декларантот се согласува со резултатите од контролата, тој го потпишува Контролниот протокол во хартиена форма. Во овој случај, кај резултат од контрола во декларацијата се внесува шифра А4, „Без приговор" и се штиклира „Потреба од измена" во СОЦДАД. Декларацијата по оваа акција има статус „Чека измена на декларација".

96. Измените во декларацијата може да бидат внесени од страна на царинскиот службеник или од страна на декларантот. Имено декларантот може во согласност со член 81 на ЦЗ да поднесе декларација со изменети податоци, со порака „Измена на декларацијата" (IMD13), при што декларацијата добива статус „Во измена (по контрола)". Измените на декларацијата се регистрираат под ист РБД како и основната декларација, со што се гарантира дека релевантен датум за утврдување на сите давачки кои се плаќаат и за примена на други мерки е датумот на прифаќање на основната декларација. Целиот износ на царинскиот долг се пресметува врз основа на изменетата декларација. Декларацијата по таа акција има статус „Во измена (по контрола)".

97. Царинскиот службеник одлучува по барањето за измена на декларацијата и доколку истото го прифати, декларацијата оди во понатамошен тек, а доколку го одбие декларацијата останува во претходниот статус „Чека измена на декларација". Царинскиот службеник, пред да одлучи по барањето за измена, може да провери кои податоци во декларацијата се изменети.

98. Доколку декларантот не се согласува со наодите, истото се наведува во Контролниот протокол. Во овој случај, кај резултат од контрола во декларацијата се внесува шифра А4, „Приговор" и се штиклира „Потреба од измена" во СОЦДАД со што декларацијата добива статус „Неактивна". Во овие случаи, декларантот нема расположиви дејствија, туку царинскиот службеник одлучува за понатамошното постапување. Доколку избере акција „Одлука по барање за пуштање" и истата ја потврди, декларацијата оди во статус „Се чека измена". Доколку одлучи да не ја продолжи постапката, царинскиот службеник избира да го одбие барањето за пуштање и декларацијата добива статус „Не е дозволен увоз", кој е конечен статус.

99. Во случај кога декларантот поднесува „Барање за измена на декларацијата" декларацијата добива статус „Во измена по контрола". Царинскиот службеник, пред да одлучи по барањето за измена, може да провери кои податоци во декларацијата се изменети и доколку истото го прифати декларацијата оди во понатамошен тек, а доколку го одбие декларацијата останува во претходниот статус „Се чека измена".

100. Доколку декларантот не дал мислење за утврдените неправилности, кај резултат од контрола во декларацијата се внесува шифра А4, „Без одговор" и се штиклира „Потреба од измена" во СОЦДАД со што декларацијата добива статус „Се чека барање за пуштање". Во овој случај декларантот може да поднесе „Барање за пуштање на стоката" по кое царинскиот службеник не одлучува, бидејќи декларацијата нема да оди во понатамошен статус поради тоа што се потребни измени на декларацијата. Декларантот наместо „Барање за пуштање на стоката" може веднаш да поднесе „Барање за измена на декларацијата" и декларацијата добива статус „Во измена по контрола". Во овој случај се постапува како е наведено во точка 98 од ова Упатство.

## XIII. Записник за наод од извршена контрола

101. Записник за наод од извршена контрола (во понатамошниот текст записникот) се составува во писмена форма. Кон записникот се прилагаат наоди, слики и други документи врз основа на кои се определува различна основа за пресметка на царинскиот долг. Записникот го потпишуваат декларантот или неговиот застапник кој бил присутен при царинскиот преглед на стоката.

102. Во однос на декларираната состојба на стоката и заклучоците, записникот мора да ги содржи следните податоци:

- Податоци за декларантот или неговиот застапник (шпедитер);
- Податоци за царинскиот должник;
- Податоци за состојбата на стоката и на декларираните податоци за стоката;
- Правен основ за настанување на царинскиот долг;
- Податоци за увозникот или примачот на стоката;
- Опис и податоците за идентификација на фактичката состојба на стоката и условите за формирање на нова основа за утврдување на увозни давачки или друга царинска употреба (забрани, ограничувања, квоти и сл.) Во наведените ситуации, мора да биде наведено следното:
    - предмет на царинска контрола и резултатите од контролата (која стока била проверена). Описот на стоката мора да содржи тарифна ознака на стоката и дополнителна ТАРИМ ознака, доколку има;
    - како се утврдени карактеристиките на стоката и количината (врз основа на увид, вештачење, земање мостри, брошури, планови, ценовници, каталози, мерење и сл.);
    - ден на пуштањето на стоката, во случај таа да е пуштена;
    - информации за забрани и ограничувања во врска со предметната стока;
    - мерки за идентификација, ако ги има. Денот на нивната примена и името на царинскиот службеник кој ги применил мора да бидат наведени (овие мерки се задолжителни во случаи во кои стоката се пушта пред царинскиот долг се утврди);
    - информации дали е приложен инструмент за обезбедување на плаќањето на можниот царински долг во согласност со одобрението за одложено плаќање;
- Износот на увозните давачки се пресметува на соодветниот датум. Во зависност од царинската постапка во која е ставена стоката, се прави следното:
    - царинската вредност се утврдува врз основа на резултатите од проверката;
    - тарифната ознака и царинската стапка се утврдуваат во согласност со утврдените карактеристики на стоката;
    - се пресметува износот на царинските давачки;
    - се утврдува количината и составот на стоката;
    - износот на посебни давачки предвидени за земјоделските производи се пресметува врз основа на утврдената количина и составот на стоката;
    - се пресметува износот на акцизата;
    - се утврдува основата на пресметка на ДДВ;

- се пресметува износот на ДДВ врз основа на соодветната стапка на ДДВ;
- се пресметува износот на други давачки;
- се пресметува вкупниот износ на давачки;
- се внесува денот на верификација и се става потпис на царинскиот службеник кој ја проверил царинската декларација.

103. Записникот се врачува на декларантот или неговиот застапник. Во Записникот на декларантот му се дава правна поука дека може да вложи приговор на записникот во рок од 8 (осум) дена од приемот на записникот. Записникот се користи како доказ во текот на постапката. Истата постапка се применува и при анализа на мостри, во кој случај резултатите од анализите извршени од страна на царинската или друга лабораторија мора да бидат дадени во форма на записник.

## XIV.1 Постапување по издавање на записникот

104. Кога декларантот не се согласува со заклучоците во записникот, тој може да поднесе приговор најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на записникот во писмена форма. Меѓутоа, декларантот не може да поднесе приговор кога стоката веќе е пуштена со изменетата декларација или кога тој се откажал од правото да приговара.

105. По добивањето на приговорот од декларантот, царинскиот службеник ја проверува царинската декларација и придружната документација и ја прегледува стоката со почитување на забелешките во приговорот. Статусот на декларацијата се менува во „Неактивна". Ако е приговорот е основан, записникот се прилагодува и стоката може да биде пуштена, со избирање на дејствие од страна на царинскиот службеник „Барање за пуштање" (IMD54).

106. По приемот на приговорот, шефот на испоставата донесува одлука на Останати обрасци и определува трилчена комисија од царински службеници кои не биле вклучени во прифаќањето на декларацијата (освен за претходно земени мостри), која што спроведува повторна проверка на царинската декларација со преглед на приложените документи и стоката. За резултатот од проверка комисијата составува 01.30.32.УП.010.01-ОБ.05.01 - Записник на комисија и еден примерок му врачува на декларантот. Против Записникот на комисијата не е дозволен приговор.

## XIV.2 Постапување по издавање на записник и одлука

107. Декларација останува во статус „Неактивна" или „Во барање за пуштање" до пуштањето на стоката.

108. По издавање на записникот со кој се утврдуваат фактите, царинскиот орган донесува одлука во согласност со член 161 од УСЦЗ по истекот на рокот утврден за доставување на приговор на записникот, ако декларантот не се усогласи со барањата наведени во записникот или по добивањето на приговорот на декларантот кон записникот. Врз основа на оваа одлука, царинскиот орган утврдува нови елементи за пресметка на давачки и ја пресметува разликата помеѓу износот според податоците во декларацијата и износот кој конечно треба да се плати за стоката.

109. Ако декларантот бара разликата во износот на царинскиот долг да се обезбеди пред пуштање на стоката (член 84 од ЦЗ), декларантот доставува изменета декларација (целосна измена на декларацијата или само повисок износ гаранцијата). Стоката може да се пушти по регистрирање на новиот износ на гаранцијата.

110. Кога царинскиот орган смета дека проверката која ја извршил може да доведе до износ на давачки повисок од оној добиен од податоците во декларацијата, се бара поднесување на гаранција доволна за покривање на можниот царински долг и се дозволува пуштање на стоката врз основа на декларираните податоци.

## XV. Пуштање на стока

111. Царинскиот службеник кој ја проверил царинската декларација или ја прегледал стоката мора да преземе соодветни мерки за идентификација пред пуштањето на стоката доколку тие се неопходни за понатамошна постапка.

112. Ако царинската декларација е веќе проверена, стоката се пушта од страна на царинскиот службеник кој ја извршил проверката, ги проверил придружните документи и ја прегледал стоката. Стоката се пушта откако ќе се исполнат сите услови за нејзино пуштање. Доколку долгот пресметан со декларацијата е обезбеден со гаранција, истата добива статус „Регистрирање на износ на гаранција", по што царинскиот службеник ја избира опцијата „Регистрација на

гаранција" со што статусот на декалрацијата е „Увезена". Системот генерира порака „Стоката е пуштена" (IMD29) и ја испраќа до декларантот.

113. Доколку долгот пресметан со декларацијата не е обезбеден со гаранција, истата добива статус „Се чека плаќање". По добивање на порака AR095 од системот за наплата декларацијата добива статус „Увезено", системот генерира порака „Стоката е пуштена" (IMD29) и ја испраќа до декларантот.

114. Ако износот на гаранцијата не е доволен, статусот „Увезено" не е возможен. Декларантот се известува за негативен одговор во врска со податоците за гаранцијата со електронска порака (IMD55). Во овој статус „Гаранција во измена" декларантот може да ги измени само податоците во врска со гаранција или начинот на плаќање, за да може да продолжи со натамошната обработка на декларацијата.

115. По пуштање на стоката, царинскиот службеник ја печати увозната декларација и еден примерок од истата му го предава на декларантот во случај кога претходна постапка е царинско складирање.

## XV. 1 Пуштање на стока од страна на имател на одобрение за поедноставени постапки - локално царинење при увоз

116. При пуштање на стоката во рамките на издадено одобрение за поедноставена постапка - локално царинење при увоз, поедноставено декларирање или непотполна декларација, се постапува согласно Упатството за поедноставени постапки со примена на СОЦДАД[10].

## XVI. Постапување во ситуации кога стоката не може да се пушти

117. Согласно член 85 од ЦЗ, стоката не може да се пушти бидејќи:
- не било можно да започне или продолжи со преглед на стоката во рок пропишан од царинскиот орган, од причини кои му се припишуваат на декларантот,
- документите кои мора да бидат поднесени пред стоката да може да се стави во бараната царинска постапка не се поднесени,

[10] Упатството за поедноставени постапки со примена на СОЦДАД како интерен документ е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа

- плаќањето или гаранцијата која требало да се изврши или поднесе, во однос на увозните или извозните давачки, не се извршени или не се поднесени во пропишаниот рок или
- царинскиот орган не може да утврди дали стоката е предмет на некои забрани или ограничувања додека не се добијат резултатите од проверката (на пример, резултат од лабораториски анализи).

118. Во системот декларацијата се наоѓа во статус „Неактивна". Само во ситуациите наведени во алинеја 2 и 3 од претходниот став, во СОЦДАД на декларантот му се дава рок од десет дена да ги отстрани причините кои го спречуваат пуштањето на стоката. Шефот на царинската испостава се информира за царинските декларации по кои стоката не може да биде пуштена и по истекот на овој рок и ги презема сите потребни мерки за регулирање на состојбата на стоката вклучувајќи и нејзино одземање.

119. Ако декларантот не ги поднесе потребните документи во определениот рок, со цел стоката да биде пуштена, предметната декларација се смета за неисправна и царинската испостава не одобрува пуштање на стока. Во оваа ситуација, порака за негативни резултати од контрола „Б1" се испраќа до декларантот и декларација добива статус „Не е пуштена за увоз" (IMD51). Странската стока мора да остане под царински надзор.

120. Ако царинскиот долг не е платен или обезбеден во определениот рок, се преземаат сите потребни мерки за одземање на стоката согласно член 85 од ЦЗ. На декларантот може да му се дозволи да ја поништи царинската декларација во согласност со членовите 76 став 3 и 191 од ЦЗ, доколку условите за тоа се исполнети. Ако причините кои спречуваат пуштање на стоката не бидат отстранети во рокот определен од царинскиот орган се преземаат сите неопходни мерки.

## XVII. Измена на податоци во декларацијата по нејзиното прифаќање и пред пуштање на стоката

121. Врз основа на член 75 од ЦЗ, декларантот може, по негово барање а пред пуштањето на стоката, да измени еден или повеќе податоци во царинската декларација и по нејзиното прифаќање од страна на царинскиот орган. Ова се прави со испраќање на порака за измена на податоци во декларацијата во системот СОЦДАД „Измена на декларација" (IMD13). По автоматската проверка во системот, царинскиот службеник одлучува за измена на

декларацијата. Измена на декларација не е можна доколку статусот на декларацијата е во „Увезена". Ако изменетите податоци се соодветни, до декларантот се испраќа порака „Прифаќање на измена на декларација" (IMD04), во спротивно до декларантот се испраќа порака „Отфрлена измена на декларација"(IMD05).

122. Не е дозволена измена на податоците во декларацијата во следните ситуации:
- измената не смее да предизвика царинската декларација да опфати друга стока освен онаа која таа првобитно ја опфаќала. Ова се случаи кога стоката е погрешно декларирана согласно нејзините очигледни карактеристики – очигледно погрешно декларирање рубрика 31 и 33;
- откако царинскиот орган го известил декларантот дека има намера да врши преглед на стоката;
- ако царинскиот орган по прифаќање на декларацијата утврдил дека одредени податоци се неточни;
- ако царинскиот орган ја пуштил стоката.

## XVIII. Поништување на царинската декларација по нејзиното прифаќање и пред пуштање на стоката

123. Согласно член 76 од ЦЗ, веќе прифатена декларација може да се поништи само во следниве ситуации:
- доколку декларантот поднесе доказ дека стоката е декларирана по грешка за царинската постапка опфатена со таа царинска декларација;
- како резултат на посебни околности не е повеќе оправдано ставањето на стоката во декларираната царинска постапка (на пример: војна, немири, природни катастрофи, несолвентност и сл.).

124. Декларантот поднесува барање за поништување на декларацијата со испраќање на порака „Барање за поништување на увозна декларација" (IMD14) по прифаќање на декларацијата и пред стоката се пушти во постапка. Причината за поништување мора да биде наведена во пораката.

125. Ако барањето за поништување е одобрено, до декларантот се испраќа порака „Одлука за поништување" (IMD09) и декларацијата добива статус „Поништена".

126. Поништувањето на декларацијата повлекува поништување на сите забелешки, отпишувања, потврди и други прилагодувања направени во увозната дозвола или друг сличен документ поднесени кон царинската декларација.

## XIX. Измена на податоци во декларација по пуштање на стоката

127. Дополнителна измена на декларација по пуштање на стоката, може да се врши или по барање на декларантот или по службена должност. Се постапува како што е пропишано во Упатството за царински долг[11].

128. По донесувањето на Решението во управна постапка, измените на декларацијата се внесуваат во увозниот модул со избирање на опцијата регистрирање резултати од контрола во подмодул дополнителна контрола.

## XX. Поништување на царинската декларација по пуштање на стоката

129. Царинската декларација може да се поништи и по пуштање на стоката во согласност со член 165 од УСЦЗ по поднесено барање од страна на декларантот или по службена должност за што решение за поништување носи Службата за првостепена управна постапка.

130. По пуштање на стоката, декларантот односно неговиот застапник може да поднесат барање за поништување на увозна декларација во писмена форма.

131. За поништување на декларација се носи решение од Службата за првостепена управна постапка, со наведување на причините за поништување и правото на враќање на увозни давачки, доколку иститe се платени. Се постапува согласно Упатството за царински долг.

132. Во поедноставена постапка имателот на одобрение може сам да ја поништи декларацијата, со наведување на законска основ и причината за поништувањето.

## XXI. Евидентирање во царинската евиденција на износот на царински долг

[11] Упатството за царински долг како интерен документ е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа

133. Декларантот, односно неговиот застапник се известува за износот на пресметани давачки со порака IMD65 веднаш откако ќе бидат внесени резултатите од контрола во системот. Утврдениот износ на давачки се внесува автоматски во сметководствениот систем (АРС) кога стоката опфатена со царинската декларација е пуштена. Износот на давачките деклариран во царинската декларација се внесува во евиденцијата врз основа на податоците кои декларантот ги навел во царинската декларација и кои царинскиот службеник ги потврдил во времето на пуштање на стоката. Постапката на евидентирање во царинската евиденција се врши согласно Упатството за царински долг.

## XXII. Чување на декларации и документи

134. Царинската испостава каде е спроведена царинската постапка е должна да ги чува и декларациите и документите хронолошки според редниот број и датумот на прифаќање на декларацијата.

## XXIII. Употребата на резервна постапката поради недостапност на системот

135. Во случаите кога комјутерскиот систем на декларантот или пак на Царинска управа не се достапни, соодветно се применуваат одредби од Упатството за спроведвуање на транзитна постапка со примена на резервна постапка[12], со соодветни прилагодување во однос во однос на системот кој што се користи за обработка на царинските декрлации, улогата на царинските испостави, бројот на листовите од ЕЦД кои се користат во постапката, контролниците кои што се користат за евидентирање на започнување и завршување на постапката и слично.

## XXIV. Преодни и завршни одредби

136. Надлежни за постапување по ова Упатство се царинските службеници од царинските испостави каде што се спроведува увозна царинска постапка, Секторот за царински систем, Секторот за правни работи и Одделение - Дежурен царински центар.

[12] Упатството за спроведвуање на транзитна постапка со примена на резервна постапка како интерен акт е објавено во Депозитарот на документација на Царинската управа

137. Одговорни за предлагање на измени и дополнување на ова Упатство се помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

138. Сите непосредни раководители се должни со одредбите на ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

139. Секое постапување спротивно на одредбите на ова Упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

140. Секторот за царински систем е должен да го објави ова упатство на интранет страната на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документација.

141. Со донесување на ова Упатство престанува да важи 01.30.32.УП.007.01 Упатството за царинење на стока со царинска декларација поднесена со употреба на техника за електронска обработка на податоци број 01-049878/19-0001 од 02.07.2019 година.

142. Ова упатство стапува на сила на 01.11.2020 година.

директор
м-р Гоко Танасоски

Бр. 01-059520/20-0001
Скопје, 30.10.2020 година

Прилог 1:

- Список на минимални количини на мостри

Записи:

- 01.30.32.УП.010.01-ОБ.01.01 - Барање за преглед на стока
- 01.30.32.УП.010.01-ОБ.02.01 Известување за поднесена увозна декларација во СОЦДАД
- 01.30.32.УП.010.01-ОБ.03.01 Барање за преглед на стока заради утврдување на преференцијално потекло

- 01.30.32.УП.010.01-ОБ.04.01 - Записник за наод од извршена контрола
- 01.30.32.УП.010.01-ОБ.05.01 - Записник на комисија
- Протокол за контрола - се печати од СОЦДАД
- Записник за земање мостри - прилог 25 од УСЦЗ
- Налепница за земена мостра - се печати од СОЦДАД
- Спецификација за примопредавање на мостри - се печати од СОЦДАД
- Записник за резултати од анализа или проверка - се печати од СОЦДАД

Упатството го подготви: Сектор за царински систем

Приматели: Директор,
Заменик директор,

Советници на директорот,
Помошници директори на сектори,
Началници на независни одделенија
Управници на царинарници

Примерок доставен за : Интерна употреба

Оригиналот се чува во: Сектор за царински систем
Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
Сектор за царински систем

Прилог број 1

# СПИСОК НА МИНИМАЛНИ КОЛИЧИНИ НА МОСТРИ ОД СТОКА[1]

| | |
|---|---|
| месо (свежо или замрзнато) | 500 g |
| млеко и млечни производи | 500 ml |
| ориз | 250 g |
| производи на мелничка индустрија | 250 g |
| семе од маслодајна репка | 250 g |
| колбаси и други преработки од месо | 400 g |
| други прехрамбени производи во цврста состојба | 500 g |
| други прехранбени производи во течна состојба | 1 литар |
| растителни масла | 250 ml |
| алкохол и алкохолни пијалоци | 500 ml |
| течности, пасти, тврди материи | 100 g |
| нафта и нафтени деривати | од 500 до 1500 ml |
| стоки свиткани во ролни | најмалку 50 cm по цела ширина |
| стоки во листови или плочи | најмалку 30 x 30 cm или во оригинален облик |
| предиво, монофиламенти, врвци | 20 m намотан калем или соодветен предмет |
| жица | не помалку од 10 m |

[1] Списокот не ги исцрпува сите видови на стока од која можат да се земат мостри

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
**Царинарница ххх**

01.30.32.УП.010.01-ОБ.01.01

| Царинарница | | Царинска испостава | | Број | | Датум | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

# БАРАЊЕ ЗА ПРЕГЛЕД НА СТОКА

| Барател | | ЕДБ | |
|---|---|---|---|
| Согласно член 52 од Царинскиот закон, барам преглед на стока која се наоѓа под царински надзор, заради утврдување на: | | | |
| ☐ тарифна ознака<br>☐ вредност на стока<br>☐ потекло на стока<br>☐ количина на стока<br>☐ друго | | | |
| ☐ | Прегледот на стока вклучува земање мостри | ☐ | Прегледот на стока не вклучува земање мостри |
| Место каде се наоѓа стоката | | | |
| Податоци за претходна постапка | | | |
| Причини поради кои се бара преглед на стока или земање на мостри | | | |
| Податоци за препознавање на стоката | | | |
| Име и презиме на барателот | | Потпис | (м.п.) |
| Место | | Датум | |

| ПОПОЛНУВА ЦАРИНСКАТА ИСПОСТАВА ВО КОЈА Е ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕТО | | | |
|---|---|---|---|
| Царинарница | | Царинска испостава | |
| ☐ | СЕ ОДОБРУВА ПРЕГЛЕД НА СТОКА | | |
| Заради спроведување на анализа се зема мостра во количина | | | Единица мерка |
| Име и презиме на царински службеник | | | (м.п.) |

## Известување за поднесена увозна декларација во СОЦДАД
## - Редовна постапка
## (може да се употребува само кај царинската испостав за увоз)

| Декларант: (Назив и ЕДБ) |
|---|
| |

| ЛРБ: (Локален референтен број на извозната декларација) |
|---|
| |

| Идентитет на превозното средство: |
|---|
| |

| Број на пломби: (Овој дел се внесува рачно) |
|---|
| |

| Бар код: |
|---|
| |

.........................

Декларант

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**
**Царинарница xxx**

01.30.32.УП.010.01-ОБ.03.01

| | | | |
|---|---|---|---|
| Царинарница | | Царинска испостава | |
| Број на ЕЦД | | Датум | |

# БАРАЊЕ ЗА ПРЕГЛЕД НА СТОКА ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО

| | | | |
|---|---|---|---|
| Барател | | ЕДБ | |
| Согласно член 481 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, барам преглед на стока која се наоѓа под царински надзор, заради утврдување на преференцијално потекло: | | | |
| Место каде се наоѓа стоката | | | |
| Податоци за претходна постапка | | | |
| Извозник | | | |
| Податоци за транспортот, директна пратка | ☐ да | ☐ не | |
| Реден број на наименување со потекло и тарифна ознака | | | |
| Детален опис на стоката | | | |
| Останати податоци (бар код, фотографии кои ја документираат истоветноста на стоката и др. | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име и презиме на барателот | | Потпис | | (м.п.) |
| Место | | Датум | | |

**ПОПОЛНУВА ЦАРИНСКАТА ИСПОСТАВА ВО КОЈА Е ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕТО**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Царинарница | | Царинска испостава | |
| ☐ | **СЕ ОДОБРУВА ПРЕГЛЕД НА СТОКА ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО** | | |

При преглед на стоката се/не се најдени елементи кои би упатувале на сомневање во преференцијалното потекло на стоката.
Се потврдува дека стоката е прегледана по основ на преференцијално потекло и во случај на дополнително доставување на валиден доказ за потекло ги исполнува/не ги исполнува договорните услови

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме на царински службеник | | (м.п.) |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
**Царинарница ххх**

01.30.32.УП.010.01.-ОБ.05.01

Врз основа на член 161 став 4 од Уредбата за за спроведување на Царинскиот закон, Комисија во состав ______________________, __________________________ и ___________________________ изготви

## ЗАПИСНИК НА КОМИСИЈА

На ___.___.____ година, одлучувајќи по приговорот на декларантот _______________________ од ________________, со ЕДБ ______________________, поднесен против Записникот на Царинската испостава _________________ број __________________ од ___.___.______ година, комисијата формирана со одлука број __________ од ___.___.______ година на шефот на Царинската испостава _________________, изврши повторна проверка на:*

- ☐ Царинската декларација број _____________ од ___.___.______ година,
- ☐ Придружните документи:
  - ________________________
  - ________________________
  - ________________________
  - ________________________
- ☐ Стоката

**РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОВЕРКА**

Од извршената повторна проверка, Комисијата констатира дека наводите во приговорот

☐ **се основани** ☐ **не се основани**

Поради (да се наведат причините):

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

Комисија во состав:

1. ______________________
2. ______________________
3. ______________________

Против овој записник не е дозволен приговор.

Бр. ___________________

Место, ___.___.______година

Записникот е примен од ________________________________ на ___.___.______година.

___________________________

* да се пополни со „Х" квадратчето пред текстот. Доколку е извршена повторна проверка на придружните документи истите да се наведат

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
Царинарница xxx

01.30.32.УП.010.01-ОБ.04.01

| Царинарница | | Царинска испостава | | Број | | Датум | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

# ЗАПИСНИК ЗА НАОД ОД ИЗВРШЕНА КОНТРОЛА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на царинска декларација | | Датум на царинска декларација | |
| Број на наименувања | | Датум на контрола | |
| Увозник/ извозник | | ЕДБ/ЕМБ | |
| Декларант/ Застапник | | ЕДБ/ЕМБ | |
| Царински должник | | ЕДБ/ЕМБ | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вид на контрола | ☐ документарна* | ☐ физичка | | ☐ скенер | ☐ друго |
| | | ☐ делумен | ☐ детален | | |
| Наод од контрола | ☐ без неправилности | ☐ мали неправилности | ☐ големи неправилности | | |

**Доколку не се утврдени неправилности, делот што следи не се пополнува**

**СО ПРЕГЛЕД НА СТОКАТА И ДОКУМЕНТИТЕ ШТО СЕ ВО ПРИЛОГ НА НАВЕДЕНАТА ЦАРИНСКА ДЕКЛАРАЦИЈА Е УТВРДЕНО:**

☐ **НЕПРАВИЛНОСТИ ВО ВРСКА СО ТАРИФНОТО РАСПОРЕДУВАЊЕ**

Стоката не се распоредува во тарифната ознака декларирана во предметната царинска декларација и за новото распоредување се применети:

Основните правила за примена на Царинска тарифа ______________________________
Забелешките кон Оддел или Глава на Цар.тарифа ______________________________
Повикување на Коментар на Хармонизираниот систем ______________________________
Друго ______________________________

☐ **НЕПРАВИЛНОСТИ ВО ВРСКА СО ЦАРИНСКАТА ВРЕДНОСТ**

☐ Побарани дополнителни податоци со: ______________
☐ Доставени дополнителни податоци со: ______________

☐ По извршената проверка на царинската декларација и добиените дополнителни објаснувања (или во отсуство на одговор) е утврдено дека не може да се прифати декларираната царинска вредност како трансакциска вредност, согласно одредбите од член 28 на ЦЗ, од следниве причини:

☐ 1. не постои трансакција на продажба, поради: ______________________________
☐ 2. не се отстранети основаните сомневања дека декларираната вредност одговара на вистински платената цена или цената што треба да се плати, во смисла на на член 42 од ЦЗ и член 92 од УСЦЗ, бидејќи:
☐ декларираната вредност на увезената стока значително се разликува од трансакциската вредност на идентична или слична стока, продадена за извоз во Република Северна Македонија и извезена во исто или приближно исто време. За споредување е користен податокот од ЕЦД (број/датум) ____________ од ЦИ ____________ (извоз од ____________, единечна вредност ____________)
☐ цената се разликува од податоците од информациите за цени добиени од Царинската управа. За споредување е користен изворот на податокот врз основа на кој е изработена информацијата и тоа ____________
☐ 3. постојат ограничувања во поглед на располагање или користење на стоката (член 28 став 1а од ЦЗ) поради: ______________________________

☐ 4. продажбата или цената подлежи на некои услови или обврски чија вредност не може да се утврди (член 28 став 16 од ЦЗ) поради : ____________________

☐ 5. постои надокнада од купувачот кон продавачот (член 28 став 1в од ЦЗ) поради: ____________________

☐ 6. купувачот и продавачот се заемно поврзани, а поврзаноста влијаела на цената на стоката (член 29 став 1г и став 2) поради: ____________________

☐ 7. не постојат доволно сигурни информации за висината и точноста на сумите кои треба да се земат во предвид при утврдување на царинската вредност (кои се вклучуваат и кои не се вклучуваат во царинската вредност – член 35 и член 36 од ЦЗ) поради.

☐ Во случај на увоз на употребувани возила царинската вредност е утврдена со примена на член 34 од ЦЗ (метод на расположиви податоци) со користење на електронскиот каталог SchwackeNet, проценета вредност __________ ЕУР.

☐ Бидејќи дополнителните објаснувања и докази, согласно член 42 став 2 од ЦЗ не ги отстранија основаните сомневања за вистинитоста и исправностан на приложенитње докази, односно дека вредноста не одговара на одредбите за трансакциска вредност, царинската вредност е утврдена со примена на следнава метода за утврдување на царинска вредност:

- ☐ вредносна метода на идентичност (член 29 од ЦЗ)
- ☐ вредносна метода на сличност (член 30 од ЦЗ)
- ☐ метода на дедуктивна вредност (член 32 од ЦЗ)
- ☐ метода на пресметковна вредност (член 33 од ЦЗ)
- ☐ метода на расположиви податоци (член 34 од ЦЗ)

поради: ____________________

☐ Извршени прилагодувања на користените вредности за:

- ☐ количината во износ од ____________________
- ☐ комерцијалното ниво во износ од ____________________
- ☐ трошоците кои произлегуваат од различната оддалеченост и видот на транспорт во износ од __________

## ☐ НЕПРАВИЛНОСТИ ВО ВРСКА СО ПОТЕКЛОТО НА СТОКА

☐ Во увозна постапка по извршената проверка на царинската декларација и придружните документи или со преглед на стоката е утврдена следнава состојба:

- ☐ се одбива доказот за потекло поради следниве технички причини: ____________________
- ☐ се одбива примената на преференцијални царински давачки без дополнителна верификација на доказот за потекло кај странски царински орган поради: ____________________
- ☐ се одложува примена на преференцијални царински давачки со дополнителна верификација на доказот за потекло кај странски царински орган поради следниве основани сомневања: ____________________

☐ Во извозна постапка по извршената проверка на царинската декларација и придружните документи или со преглед на стоката е утврдена следнава состојба:

- ☐ се одбива издавање или прифаќање на изготвен доказ за потекло поради: ____________________

## ☐ НЕПРАВИЛНОСТИ ВО ВРСКА СО ____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

| ПОСЛЕ ИЗВРШЕНАТА ПРОВЕРКА НА СТОКАТА, ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И ПРИЛОЖЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ Е УТВРДЕНА СЛЕДНАТА СОСТОЈБА: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Тарифна ознака | Трговски назив на стоката | Земја на потекло | Количина | Единечна вредност | Вкупна вредност |
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |
| 7 | | | | | | |
| 8 | | | | | | |
| 9 | | | | | | |
| 10 | | | | | | |
| ☐ | Прилог 1 - За декларација со повеќе од 10 наименувања кои се оспоруваат | | | | | |

| ПОСЛЕ ИЗВРШЕНАТА ПРОВЕРКА НА СТОКАТА, ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И ПРИЛОЖЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ Е УТВРДЕНА СЛЕДНАТА СОСТОЈБА: | | | |
|---|---|---|---|
| **Давачка** | **Пресметани давачки според поднесена царинска декларација** | **Утврдени давачки после извршена проверка** | **Разлика која треба да се доплати/обезбеди** |
| Царинска давачка | | | |
| Акциза | | | |
| Данок на додадена вредност | | | |
| Друго | | | |
| **ВКУПНО** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Проверката ја извршил царински службеник (име, презиме и потпис) | | Матичен број | |
| Декларант, односно негов застапник кој присуствувал при проверката (име, презиме и потпис) | | | |
| Записникот е составен од царинскиот службеник (име, презиме и потпис) | | Матичен број | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изјава на декларантот/ застаникот | ☐ се согласувам | ☐ не се согласувам | Потпис на декларантот | Потпис и факсимил на царински службеник |
| Записникот е примен на ден | | | | |
| Име и презиме на декларантот/застапникот | | | | |
| ЕДБ/ЕМБ на декларантот/застапникот | | | | |
| Назив на декларантот/ застапникот | | | (м.п.) декларант | (м.п.) царински орган |

Прилог 1 кон Записникот број ____________________ од ____________________ година

| Реден број | Тарифна ознака | Трговски назив на стоката | Земја на потекло | Количина | Единечна вредност | Вкупна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| ☐ | Прилог за декларација со повеќе од 10 наименувања кои се оспоруваат | | | | | |

Квадратите пред текстот се пополнуваат со ознаките „x" или „0", односно не се оставаат непополнети.

Со запишување на ознаката „x" во квадратот пред текстот, текстот кој следи по квадратот станува составен дел на записникот.

Со запишување на ознаката „0" во квадратот пред текстот, текстот кој следи по квадратот се исклучува од записникот.

* При документарна контрола ако нема неправилности не се изготвува Записник за наод од извршена контрола

Ако декларантот, односно неговиот застапник не се согласува со забелешките од записникот за наод од извршена контрола, може во рок од 8 дена од датумот на прием на записникот да приложи приговор на записникот, освен кога стоката била пуштена врз основа на нова царинска декларација.